Д О Б И Т Н И Ц И

на Годишната награда „ФЕНИКС„ за 2005 година

1. **Добривоје Манасијевиќ** од Скопје, уметнички директор , менаџер и кореограф на Ансамблот за народни песни и ора „Кочо Рацин„ Скопје.

Роден е 1956 во Скопје. Во Ансамблот „Кочо Рацин„ е од 1972 година, најпрво како играорец, а од 1985 година, како организатор – кореограф, сега уметнички директор, менаџер и кореограф.
Под негово раководство Ансамблот ги постигнал своите најголеми успеси во 59 годишното постоење.

Под негово раководство и со неговите залагања Ансамблот остварил многу гостувања и успеси во презентирањето на нашето фолклорно богатство во САД, Канада, Јапонија, Шведска, Шпанија, Австралија и во скоро сите држави во Европа.

Освоени се први места во: Торонто - Канада, Керч - Украина, Велика Горица - Хрватска, Бремен - Германија, Хасково - Бугарија, Закопане -Полска.

Во изминативе осум години Ансамблот е организатор на детскиот меѓународен фолклорен фестивал „Св. Кирил и Методиј„, а Добривоје Манасијевиќ е директор на фестивалот.

Во текот на оваа година Ансамблот „Кочо Рацин„ со сите свои групи што ги раководи Добривоје Манасијевиќ приреди над 70 концерти во Општина Центар и на други места во Републиката и странство.

2. **Анита Војновска** од Скопје, претседател на форумот на млади екологисти на Македонија – ФОМЕК. По нејзиниот работен ангажман како програмски советник во ФИООМ Фондација институт отворено општество, таа е иницијатор и реализатор на повеќе акции во насока на зголемување на јавната свест за животната средина.

Уредник е на единствениот еколошки портал WWW. Eko. net.mk. кој нуди сеопфатни информации и податоци од сверата на животната средина кои секојдневно се ажурираат.

Именуваната била и координатор на проект „Имам право да знам„ чија цел беше запознавање на граѓаните со постоењето на Законот за

животна средина, неговата примена, подигање на јавната свест, кооперација помеѓу поединци и надлежни институции за негово спроведување.

Цел на група на проект „Имам право да знам„ беа млади луѓе од основните и средните училишта од територијата на Општина Центар, граѓаните и вработените во локалната власт. Овој проект беше во насока на мобилизирање на граѓаните и нивна активна партиципација во донесување одлуки на локално ниво од областа на екологијата.

3. **Дамјан Мирчевски** од Скопје, е истакнат член на Младинската асоцијација ЕДУ ПЛУС и има голем удел во целокупната активност на асоцијацијата , а особено менаџментот со проекти.

Како одличен средношколец и студент тој претставува на одреден начин репрезент на Општина Центар пред домашни и странски соработници и Институции за што му е оддадено посебно признание за неговите достигнувања и ангажмани.

Овој кандидат има големо искуство во работа со научно-истражувачки проекти од областа на флуидното инженерство и автоматиката на соодветните процеси од кој проектот за Компјутерско моделирање и управување на водоводни и гасоводни системи, спроведен во текот на 2005 година е врв на неговата научно истражувачка активност.

Оваа научно истражувачка работа претставува модерна основа за проектирање, вршење на пресметки и автоматско управување со сложени водоводни мрежи.

Поради соодветноста на постапките за пресметување, истата платформа може да се користи и за проектирање и пресметки на нископритисочни гасоводни мрежи – градски – урбани – гасоводи што проектот – развиената платформа ја прави применлива во секоја Урбана заедница, која има потреба од модернизација – унапредување на инфраструктурата во поглед на водоводната и гасоводната инсталација.

4.**Илинка Ивановска** од Скопје е студент на Електро-техничкиот факултет во Скопје во прва година на Информатика и компјутерско инженерство.

Именованата како одличен ученик и студент досега има покажано голем интерес и талент кон природните науки, особено кон математиката.

Таа има учествувано на сите досегашни натпревари по математика: регионални, републички, а последниве три години е учесник на две балкански математички олимпијади и сите три Меѓународни математички олимпијади и на меѓународен натпревар /во Ќустендил - Бугарија/ како

натпреварувач во Македонската математичка репрезентација за учесници од средното образование.

Освојувач е на 10 први награди и повеќе втори и трети награди на регионални и Републички натпревари по математика како и златни и бронзени медали на Меѓународни математички олимпијади / во Мерида-Јукатан, Мексико, Јаши - Романија, Плевен - Бугарија, Атина - Грација и други/.

5. **Хорско музичко друштво „Кочо Рацин„- Скопје** е најстар градски хор во Скопје и еден од најстарите во Републикава, а оваа година обележува јубилеј – 60 години од своето постоење.

Седиштето на хорот во целото негово постоење беше на територија на Општина Центар и сите негови активности се одвиваа во централното градско подрачје.

Добитник е на највисокото признание – наградата „Климент Охридски„ што ја доделува Собранието на Република Македонија. Има гостувано во: Германија, Чешка, Италија, Холандија, Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија, Франција и други земји, а има организирано и голем број гостувања на хорски друштва од повеќе земји. Секоја година учествува на манифестација „Струшка музичка есен", на Меѓународната хорска манифестација „Техо„ во Тетово, а има и повеќе заеднички концерти со Македонската филхармонија, а секоја година учествува на културната манифестација „Дебар маалски серенади„.

Во овој хор свој придонес дадоа многу значајни имиња на македонската музика, како членови на хорот, диригенти и композитори – Живко Фирфов, Ѓорѓи Смокварски, Тома Прошев, Милка Ефтимова, Светлана Донковска, Стефан Гајдов и други.

6. **„Полио Плус–пост полио група за поддршка"** е македонска мултиетничка невладина организација која стратегиски се фокусира врз унапредувањето на законската регулатива и подигање на јавната свест за правата на лицата со хендикеп.

Поради се што досега постигнала оваа организација на полето на правата на лицата со хендикеп во Македонија, Полио Плус е третиран како лидерска НВО за лица со хендикеп во РМ /УСАИД ги смета за референт на НВО во Македонија по прашањето за лобирање и застапување/. Националниот демократски институт ги третира како водечки застапник на ЛПП, а Британската влада, УСАИД /посредно/ Канцеларијата на Канадската амбасада и Хендикеп Интернационал имаат финансирано во неколку нивни проекти.
Во 2002 година, Полио Плус ја доби наградата за најуспешна НВО во областа на одржливиот развој во Македонија за проектот „Нееднаков

пристап е еднаков на престап„ фокусиран на расветлување на прашањата на физичката непристапност до јавните објекти.

Познати проекти на Полио Плус се и „Паркинг наречен желба„ и Проект ИППЛГ /интер партиска парламентарна лоби група за правата на лицата со хендикеп/.